До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање, со кое се бара мислење согласно член 49 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во врска со тоа, дали функцијата именувано лице е спојлива со вршење на функцијата претседател на Општински фудбалски сојуз – Свети Николе, имајќи во предвид дека со Решение од Владата е именуван за вршење на функцијата в.д. директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година , го издава следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Забраната за вршење на други дејности кај избраните и именуваните лица е предвидена со член 44 од истиот Закон. Во конкретниот случај за кој се бара мислење треба да се има во предвид член 44 став (4) од Законот доколку Општинскиот фудбалски сојуз – Свети Николе е правно лице кое располага со државен капитал и тоа:
„(4) Избрано или **именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице** или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго **правно лице кое располага со државен капитал.“**

Во смисла на горенаведената одредба, доколку Општинскиот фудбалски сојуз – Свети Николе е правно лице кое располага со државен капитал, тогаш

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

функцијата ВД директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е неспојлива со функцијата претседател на Општински фудбалски сојуз – Свети Николе.

Согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.“

Државната комисија исто така е на став, доколку лицето е еден од основачите или сопственици на Општинскиот фудбалски сојуз – Свети Николе, не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

Исто така, Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:
„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го

чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

**Заменик претседател**

**м-р Сервет Демири**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk